**Известување за концентрација со која ФЕШН КОМПАНИ д.о.о. за трговија и услуги Хрватска ќе стекне контрола над АР РИТЕЈЛ 10 д.о.о за трговија и услуги, Хрватска**

**(предмет бр. 08-134/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 11.09.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која ФЕШН КОМПАНИ д.о.о. за трговија и услуги (FASHION COMPANY d.o.o. za trgovinu i usluge), друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на ул. Јадранска авенија 9, 10000 Загреб, Република Хрватска, има намера да стекне самостојна контрола над АР РИТЕЈЛ 10 друштво со ограничена одговорност за трговија и услуги (AR RETAIL 10 društvo sa ograničenom odgovornošću za trgovinu i usluge), со регистрирано седиште на Осјечка 47, Риека, Република Хрватска.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

ФЕШН КОМПАНИ д.о.о. врши малопродажба на облека, обувки и слични модни производи во специјализирани малопродажни продавници, преку пошта и преку интернет.

ФЕШН КОМПАНИ д.о.о. е дел од Фешн Компани Груп чие владејачко друштво е друштво за експорт-импорт, трговија на големо  и мало со текстил и конфекција FASHION COMPANY друштво со ограничена одговорност, БЕЛГРАД (НОВ БЕЛГРАД).

Во Северна Македонија, друштво за експорт-импорт, трговија на големо  и мало со текстил и конфекција FASHION COMPANY друштво со ограничена одговорност, БЕЛГРАД има едно регистрирано зависно друштво – Друштво за трговија на големо и мало со текстил и текстилни производи ЕУРОФЕШН ТРЕЈД ДОО увоз-ивоз Скопје,  со регистрирано седиште на ул. Никола Кљусев бр.6, кат 7, Скопје – Центар, Скопје, Република Северна Македонија и со ЕМБС 6168264  со регистрираната дејност– Трговија на мало со облека во специјализирани продавници.

Регистрирана дејност на АР РИТЕЈЛ е – Друга неспецијализирана трговија на мало.

АР РИТЕЈЛ нема регистрирани поврзани друштва или подружници во Република Северна Македонија.

Според подносителот на известувањето за оценка на предметната концентрација, релевантниот пазар би можел да се дефинира како: 1) пазар за трговија на мало со облека, обувки и модни додатоци во специјализирани продавници и 2) трговија на мало со облека, обувки и модни додатоци преку пошта и интернет.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

15.09.2026 година

Скопје